

# Сакате да останете дома и да се ослободите од насилството?

**НАЛОГ ЗА ЗАШТИТА ОД ДОМАШНО НАСИЛСТВО (APPREHENDED DOMESTIC VIOLENCE ORDER)**

## Што е налог за отстранување на лице кое се однесува насилнички?

Налогот за отстранување на лице кое се однесува насилнички ви овозможува да останете дома како дел од Налогот за заштита од домашно насилство (ADVO), и го исклучува, или отстранува, лицето кое се однесува насилнички.

Налогот за отстранување на лице кое се однесува насилнички е еден од условите за кои можете да поднесете барање во ADVO.

Со налогот може да му се забрани на лицето кое се однесува насилнички да живее во домот на заштитеното лице.

## Дали тука има нешто за мене?

Пред да поднесете барање за налог за отстранување на лице кое се однесува насилнички, постојат повеќе прашања што треба да си ги поставите самите себе:

1. Дали ќе бидете, и ќе се чувствувате, безбедни ако останете дома?
2. Дали ќе се плашите бидејќи вашиот партнер знае каде живеете?
3. Дали повеќе сакате да останете дома и лицето што се однесува насилнички да го напушти домот?
4. Дали имате деца и дали ќе биде подобро за нив да останат дома со вас?
5. Можете ли да си дозволите да ги плаќате трошоците за живеење дома?

## Како можам да добијам налог за отстранување на лице кое се однесува насилнички?

Судијата може да издаде налог за отстранување на лице кое се однесува насилнички ако тоа се побара во молбата за ADVO.

Важно е да разговарате со адвокат, судски службеник за поддршка или полициски службеник за оваа можност кога ќе поднесете молба за ADVO.

Понекогаш е најдобро да добиете налог за отстранување на лице кое се однесува насилнички како дел од Налог за привремена заштита, за кој барање може да поднесе полицијата после некој случај на насилство.

## Што е важно за судот да може да издаде налог за отстранување на лице кое се однесува насилнички?

Судот разгледува повеќе работи кога одлучува дали да издаде налог за отстранување на лице кое се однесува насилнички. Тие се:

1. Безбедноста и заштитата на заштитеното лице и било кои деца кои живеат во домот, ако не се издаде ваков налог.
2. Било какви тешкотии што може да се предизвикаат ако се издаде или не се издаде налогот, посебно во однос на заштитеното лице и било кои деца.
3. Потребите за сместување на сите соодветни странки, посебно на заштитеното лице и било кои деца.
4. Било кои други соодветни работи.

Запамтете да ги пријавите во полиција сите прекршоци на налогот за отстранување на лице кое се однесува насилнички.

# Секогаш водете сметка за вашата безбедност

## Кој можам да контактирам за помош?

**Полиција/Амбулантно возило (три нули)** 000

**Телефонска линија за домашно насилство (Domestic Violence Line)** 1800 656 463

**Центар на Нов Јужен Велс за кризи во врска со силување (NSW Rape Crisis Centre)** 1800 424 017

**Телефонска линија за помош во врска со услуги во заедницата (FACS Child Protection Help Line)** 13 21 11

**Здружение за правни услуги за жените во Нов Јужен Велс (Women's Legal Services NSW)**
Во Сиднеј (02) 9749 5533
Надвор од Сиднеј 1800 801 501

**Служба за застапување при домашно насилство (Domestic Violence Advocacy Service)**
Во Сиднеј (02) 8745 6999
Надвор од Сиднеј 1800 810 784

**Здружение за јавно изразување на жени-доселеници (Immigrant Women's Speakout)** (02) 9635 8022

**Телефонска линија за помош на деца (Kids Helpline)** 1800 551 800

**Служба за финансиска помош при Centrelink (Financial Assistance Centrelink)** 13 61 50

**Служба за писмено и усмено преведување (TIS)** 13 14 50

**Податоци за најблиската полициска станица или локалниот суд можете да најдете на почетокот од телефонскиот именик White Pages**

NSW GOVERNMENT | Family & Community Services | Community Services

**December 2011 Macedonian**